INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

# БИЛТЕН

*Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје*

*Број 57 / 2021*

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

## СОДРЖИНА

- ЗАПИСНИК од пеесет и седмата седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

- РЕФЕРАТ за избор на асистент истражувач во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

**ЗАПИСНИК**

**од пеесет и седмата седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

На 10 септември 2021 се одржа пеесет и седмата седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје во состав: проф. д-р Дона Колар Панова, проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Калина Лечевска, проф. д-р Викторија Боровска, проф. Д-р Бранимир Јовановиќ, доц. д-р Ана Блажева, доц.др. Искра Геразова Мујчин, доц. д-р Ристо Карајков

ДНЕВЕН РЕД на пеесет и седмата седница на Научно-наставниот совет,

**НАУЧНО-НАСТАВЕН СОВЕТ**

**10 септември, 2021**

Дневен ред на 57 седница на Советот:

**1. Усвојување на нацрт Записникот од 56-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје;**

**2. Одлука за закажување на јавна одбрана на магистерската тема, со наслов: „Instagram Engagement Pods: The motivation to join a sub-culture born as a result of the struggle for visibility and pursuit of popularity“ на кандидатката Дилек Асаноска;**

**3. Одлука за формирање комисија за избор во звање на доц. д-р Ана Блажева во научно звање вонреден професор;**

**4. Одлука за формирање комисија за избор во звање на м-р Александар Саздовски во стручно звање, асистент соработник;**

**5. Разно.**

**Записник од 57-та седница на Советот:**

1. **Усвојување на нацрт Записникот од 56-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје;** Советот едногласно со усвои нацрт Записникот од 56-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

**2. Одлука за закажување на јавна одбрана на магистерската тема, со наслов: „Instagram Engagement Pods: The motivation to join a sub-culture born as a result of the struggle for visibility and pursuit of popularity“ на кандидатката Дилек Асаноска;** Советот донесе одлука за закажување на јавна одбрана на магистерската тема, со наслов: „Instagram Engagement Pods: The motivation to join a sub-culture born as a result of the struggle for visibility and pursuit of popularity“ на кандидатката Дилек Асаноска, на 25 септември во 11:00 часот, во просториите на Инстутот;

**3. Одлука за формирање комисија за избор во звање на доц. д-р Ана Блажева во научно звање вонреден професор;** Советот донесе одлука за формирање комисија за избор во звање на доц. д-р Ана Блажева во научно звање вонреден професор. Комисијата е во состав: проф.д-р Катерина Колозова, проф. д-р Калина Лечевска и проф. д-р Викторија Боровска;

**4. Одлука за формирање комисија за избор во звање на м-р Александар Саздовски во стручно звање, асистент соработник;** Советот донесе одлука за формирање комисија за избор во звање на м-р Александар Саздовски во стручно звање, асистент соработник. Комисијата е во состав: проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Калина Лечевска и доц. д-р Искра Геразова;

**5. Разно.** За оваа точка немаше дискусија.

Записничар,
Д-р Викторија Боровска

15.10.2021, во Скопје

Институт за општествени и хуманистички науки · СКОПЈЕ

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 109/2021
12. 10 2021 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

За избор на асистент истражувач во Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје

Со одлука на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница на Научниот совет одржана на 10.09.2021 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент истражувач.

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатот, со објавени трудови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката и наставната дејност на кандидатот.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на м-р Александар Саздовски;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката и наставната дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за реизбор во звањето асистент истражувач во областа на општествени и хуманистички науки.

Комисијата во состав: проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Калина Лечевска, доц. д-р Искра Геразова Мујчин по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

М-р Александар Саздовски е роден на 26.09.1989 година во Скопје. Во 2011 година дипломирал на политички студии на Правниот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Во 2013 година успешно ги завршува последипломските студии по национализам на Централноевропскиот факултет во Будимпешта, стекнувајќи се со научното звање Магистер по студии за национализам.

Од 2021 година е ангажиран како помлад истражувач на Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје. Претходно, во периодот од 2013 година до денес учествувал во низа истражувачки проекти (“EU for improved border and migration management capabilities in the Republic of North Macedonia”; „Стандардни оперативни процедури за асистирано доброволно враќање во земјата на потекло на странци кои незаконито престојуваат во Република Македонија”; „Анализа на интеркултурни политики и практики во шест мултиетнички општини во Македонија" итн.), каде имал значаен придонес во спроведените истражувања.

Од 2016 година до денес е ангажиран во мисијата на IOM во Република Северна Македонија на проекти поврзани со оперативните и финансиските аспекти на активностите што се однесуваат на помош на мигранти, бегалци и баратели на азил.

Во својата кариера, м-р Саздовски има работено и во невладин и во приватен сектор, а е и еден од основачите на „Единствена Македонија“. Во текот на изминатите години, Саздовски има учествувано на неколку конференции во државава и регионот. Своето долгогодишно искуство во областа на заштитата и помошта на мигрантите го има пренесено на бројни тренинзи, каде бил предавач.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

### 1. Објавени трудови

**Објавени книги и публикации:**

- Саздовски, Александар: “Македонските културни дејци: Прото-национални манифестации во 19-тиот век” *Гласник 61-ва година број. 1,* Институт за национална историја - Скопје, 2017, 107-122
- Sazdovski, Aleksandar: “Nation-Building under the Societal Security Dilemma – the Case of Macedonia” *Journal of Regional Security (2015), 10:1,* 53–78

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

- Sazdovski, Aleksandar: "Effects of Security Discourse on Post-Conflict Nation-Building: the Case of Macedonia" CEU, Budapest, 2013 – Master Thesis

**Објавени трудови:**

- „Стандардни оперативни процедури за асистирано доброволно враќање во земјата на потекло на странци кои незаконито престојуваат во Република Македонија", Скопје, 2018
- „Можности и бариери на вклученоста на жените во пазарот на трудот на Општина Битола", Скопје, Женска граѓанска иницијатива АНТИКО, 2015
- „Стратешки план за подобрување на меѓукултурно разбирање во Општина Врапчиште, 2014"
- „Стратешки план за подобрување на меѓукултурно разбирање во Општина Тетово", 2014
- „Стратешки план за подобрување на меѓукултурно разбирање во Општина Кичево", 2014
- „Анализа на интеркултурни политики и практики во шест мултиетнички општини во Македонија", Асоцијација за Демократски Иницијативи (АДИ), 2013

## III. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

По прегледувањето на опусот на научно-истражувачката дејност и наставната дејност и по усогласувањето на поединечните мислења, констатирано е дека во текот на неговиот академски ангажман Александар Саздовски реализирал соодветен опус на истражувања од областа на политичките науки.

Во своите истражувања и искуството во работата тој развива научни истражувачки прашања, продлабочувајќи ги теориските и емпириските концепти поврзани со интердисциплинарните области од полето на општествените и хуманистички науки.

**Заклучок:**

Од приложената документација може да се константира дека: Александар Саздовски има искуство во подготовка и реализација на научно-истражувачки проекти: организација и реализација на емпириски истражувања, анализа на податоци и пишување на научни студии. Тој е автор на трудови, студии, истражувања и анализи, кои покажуваат сериозно владеење на методологијата во општествените истражувања и истражувачката работа.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

Темите кои ги опфаќа во својата научно-истражувачка работа, како и магистерскиот труд покажуваат дека има значаен удел за општествените и хуманистичките дисциплини во Северна Македонија. Неговиот истражувачки ангажман покажува сериозна иницијативност и желба да даде придонес во развојот на соодветните научни области.

Откако внимателно ја разгледа приложената документација, комисијата заклучи дека Александар Саздовски ги исполнува условите предвидени со Законот за научно-истражувачка дејност на Република Северна Македонија, за избор во научно звање асистент истражувач во областа на општествените и хуманистички науки.

**Предлог:**

Запознавајќи се со научните активности на Александар Саздовски, можеме да заклучиме дека тој постигнал значајни резултати кои имат влијание на развојот на науката и практиката во Република Северна Македонија. Имајќи го предвид сето ова, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, Александар Саздовски да се избере во звањето асистент истражувач при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

Рецензентска комисија:

Д-р Катерина Колозова, редовен професор,
Институт за општествни и хуманистички науки – Скопје, претседателка

Д-р Калина Лечевска, вонреден професор,
Институт за општествни и хуманистички науки – Скопје, членка

Д-р Искра Геразова Мујчин, доцент,
Институт за општествени и хуманистички науки – Скопје, членка

Институт за општествени и хуманистички науки • Скопје



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk